**Врз основа на член 15 став 6 од Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/01, 42/03, 40/04, 70/06, 126/06, 88/08, 133/09, 171/10, 185/11, 6/12, 79/13, 188/13, 115/14, 129/15, 154/15 и 23/16), министерот за финансии донесе**

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ НА ВАЖНОСТ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОДАЖБА НА СООДВЕТЕН МОДЕЛ НА ФИСКАЛНА АПАРАТУРА, ОДНОСНО ИНТЕГРИРАН АВТОМАТСКИ СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ

**Службен весник на РМ, бр. 61 од 31.03.2016 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за продолжување на рокот на важност на дозволата за одобрување на производство и продажба на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување.

## Член 2

Барањето за продолжување на рокот на важност на дозволата за одобрување на производство и продажба на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување се поднесува на образец на хартија со бела боја во А4 формат.
Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/16).

Бр. 20-1538/6
28 март 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р Зоран Ставрески, с.р.